РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

Бр./Nr 12-1939/2
03-09-2026 г./v.

Врз основа на член 22 став 1 од Законот за спречување корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија" бр.12/19), член 40 став 2 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по пријава поднесена од непознат подносител, Државната комисија за спречување на корупцијата (во натамошниот текст ДКСК), на 38-та седница одржана на 31.08.2026 година ја донесе следната

**ОДЛУКА**

Пријавата заведена под број 12-1939/1 од 08.05.2026 година, во која се изнесени наводи против едно физичко лице од општина ----------- --------- поради сомневање за нарушување на јавниот ред и мир, **СЕ ОТФРЛА.**

ДКСК утврди дека, нема елементи за надлежно постапување согласно Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси поради тоа што пријавените наводи се однесуваат на лице кое не е службено лица во смисла на Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, а за преземените дејствија други органи се надлежни да постапуваат.

Пријавата да се достави на надлежно постапување на општинскиот инспекторат при Општина Чучер Сандево и до Министерството за внатрешни работи на РСМ.

Предметот со број 12-1939/1 од 08.05.2026 година, да се затвори и архивира

Одлуката на ДКСК во деперсонализирана форма да се објави на веб страницата на Државната комисија во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

**О б р а з л о ж е н и е**

Од страна на непознат подносител, на ден 08.05.2026 година, поднесена е пријава против --------------- -------------------, физичко лице од општина ---------- ---------- поради сомневање за нарушување на јавниот ред и мир по што е оформен предмет број 12-1939/1 од 08.05.2026година.

Во пријавата се наведува дека во работилницата на наведеното лице, која се наоѓала на ул. „----------------" број --, се вршело стругање на возила што предизвикувало голема бучава и се нарушувал јавниот ред и мир на соседите, а Општината не постапувала по поднесените пријави за предметниот случај.

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

По разгледувањето на предметните наводи, ДКСК констатира дека истите се однесуваат на лице кое не е службено лица во смисла на Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, а преземените дејствија од негова страна не се во надлежност на постапување на ДКСК и за истите други органи се надлежни да постапуваат, па оттаму пријавата ќе се достави на надлежно постапување на општинскиот инспекторат при Општина Чучер Сандево и до Министерството за внатрешни работи на РСМ.

Имајќи го предвид погоре наведеното, ДКСК оцени дека нема елементи за надлежно постапување и одлучи како во диспозитивот на оваа Одлука.

**Претседател,**

**Адем Чучуљ**

Изготвил: П.Б.,советник
Контролирал:Ј.Ц., раководител на одделение
Согласен: м-р И.П., раководител на сектор
Одобрил/Miratoi: m-r S.D. -член/anëtar